РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr 12-1677/2
01-07-2026 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 33-та седница одржана на ден 11.06.2026 година ја донесе следната

**ОДЛУКА**

Пријавата со број 12-1677/1 од 03.04.2026 година, поднесена против лица вработени во ------------------------------------- - --------------------------------, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека согласно со Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема основ за надлежно постапување во предметниот случај поради тоа што во пријавата нема јасни наводи или укажувања за незаконити или недозволиви дејствија на службените лица при вршењето на јавните овластувања и службената должност, а воедно пријавата е доставена на постапување на друг надлежен орган.

Предметот со број 12-1677/1 од 03.04.2026 година, да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**Образложение**

На ден 03.04.2026 година до ДКСК доставена е пријава, во која се изнесени наводи за сомневање за незаконско работење на лицата --------------------- и --------------------, двајцата вработени во ------------------------------ – ----------------------------------------.
Имено, првопријавениот -----------------------, кој порано бил директор на -------------------------, а моментално бил вработен на работното место референт, ја искористил службената положба и службените податоци од регистрите на работодавачот за лични финансиски придобивки. Горенаведениот, користејќи ги службените податоци за новооснованите фирми, ги контактирал истите и им нудел од него да купуваат програма за продажба и книговодство, при што им се заканувал дека доколку не ги купуваат истите ќе бидат мета на инспекциските служби и надзори.

Исто така, во пријавата се наведува дека второпријавениот --------------------, како сегашен директор на -------------------------- во --------------, бил запознат со овие неправилности извршени од страна на вработениот ----------------------- и не преземал никакви дејствија за спречување и елиминирање на истите.

Имајќи го предвид горенаведеното, ДКСК констатира дека станува збор за анонимна пријава во која нема јасни наводи или укажувања за незаконити или недозволиви дејствија на службените лица при вршењето на јавните овластувања и службената должност, а видно од содржината на пријавата истата е поднесена до директорот на -----------------------.

Оттаму, ДКСК оцени дека нема основ за надлежно постапување во предметниот случај и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Претседател**

**Адем Чучуљ**

Изготвил: м-р Ф.Ј., советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил: З.Б., Член на ДКСК